ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**Предавање на тема:**
***„Искуството и патот на Словачка во процесот на ЕУ: научени лекции “, Г-дин Едвард Кукан, член на Европскиот Парламент***

***21.02.2011, Скопје***

**Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид** во соработка со Паневропската Унија на Македонија на 21.02.2011, во хотел Холидеј Ин, го одржа предавањето на кое што специјален гостин беше господинот Едвард Кукан. Господинот Едвард Кукан е член на Европскиот Парламент и поранешен Министер за надворешни работи во Владата на Република Словачка. Многумина го нарекуваат “татко на европските интеграции на Словачка“ и важи за човек со огромно искуство во полето на евроинтеграциите. Покрај тоа, тој има голема важност за интегративните процеси на Република Македонија , бидејќи е познат и како репортер од сенка за Република Македонија. Господинот Кукан е познат и како голем поддржувач на Република Македонија во Европскиот Парламент, а доказ за тоа е и неговото членство во групата “Пријатели на Македонија“ во Европскиот Парламент, чиј основач и претседател е господинот Мартин Кастлер член на Паневропската унија на Германија, кој минатата година беше гостин на Институтот Охрид. Предавањето на господинот Едвард Кукан беше насловено како: „Искуството и патот на Словачка во процесот на ЕУ: научени лекции “, преку кое господинот Кукан, како човек со огромно искуство во полето на евроинтеграциите, се обиде да ги пренесе и сподели своите искуства како основа и поттик за Република Македонија да продолжи со својата напорна работа, реформите и исполнување на критериумите на ЕУ. Господинот Кукан говореше и за бенефициите кои Словачка ги добила со влезот во ЕУ и објасни дека со добивање на статусот - полноправен член во Европската Унија, секоја држава се соочува и со добрите и со лошите страни, но потенцираше без никакво двоумење дека предностите се многу поголеми, побројни и позначајни од недостатоците. Во текот на предавањето, господин Кукан изјави дека е задоволен од правецот кон кој е насочена Република Македонија, но и дека потребни се уште многу труд, реформи и работа за Република Македонија да влезе во Европското семејство. Тој ја издвои бизнис климата како еден од најзначајните критериуми на ЕУ и објасни дека Република Македонија мора да создаде позитивна бизнис клима, за да биде поатрактивна и попривлечна за странските инвеститори и дека тоа е

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

сегмент кој Република Македонија мора да го надогради и развива, како би можела да направи уште еден голем чекор напред кон Европската Унија. Господинот Кукан и порача на Република Македонија дека доколку сака да ги оствари своите зацртани цели, тогаш мора да работи многу, но и цврсто да се држи за принципите и вредностите во кои верува и дека критериумите за влез во Европската Унија се многу построги од порано. Според него Република Македонија мора да верува во себе и своите потенцијали и тврдоглаво да продолжи да ги исполнува своите визии, за што ќе биде потребно многу труд и работа. Господинот Кукан, го изрази и своето мислење за проширувањето на Европската Унија и објасни дека не може да се говори за обединета Европа, без земјите од Југоисточна Европа и Балканот, а несомнено и Република Македонија е дел од нив. Г-дин Едвард Кукан објасни дека доколку се најде решение за спорот со Грција, Република Македонија, веднаш би добила позитивен извештај од Европската Унија и дека според негово мислење, последниот извештај бил премногу критичен и дека тој смета дека Република Македонија има постигнато огромен напредок кој е за пофалба и не смее да се занемари. Исто така прогнозираше дека доколку се најде компромис со Република Грција, Република Македонија уште истиот ден би добила датум за започнување на преговори со Европската Унија. Сепак спред г-дин Кукан ЕУ треба да се држи на дистанца од спорот помеѓу двете земји, затоа што се работи за деликатна ситуација, а и сепак станува збор за билатерален проблем, но објасни дека неговото лично мислење е дека Република Македонија е совршено прифатливо решение и дека за него оваа држава секогаш ќе биде Република Македонија. Предавањето заврши со неколку прашања од присутните гости, кои во текот на целото предавање беа навистина заинтересирани и заинтригирани од излагањето на господинот Кукан и имаа прашања на кои господинот Кукан исцрпно одговараше.

На предавањето присуствуваше дел од меѓународната заедница, претставници од дипломатскиот кор, претставници од државните институции во Република Македонија, невладиниот сектор и студенти, а воедно настанот беше покриен од медиумите во Република Македонија.

Институтот Охрид, како и досега, ќе продолжи со серијата предавања и понатаму ќе ја задржи традицијата да носи врвни експерти и реномирани личности од Европа и САД. На почетокот на оваа година наш почесен гостин беше Георг Фон Хабсбург, овој пат ја имавме честа да слушнеме повеќе за искуствата на Едвард Кукан, а се надеваме дека набрзо ќе понудиме уште еден познат гостин, кој несебично ќе ги сподели своите искуства со пошироката македонска јавност.

* * *